Neni 2

Në nenin 200-k paragrafi 3 pika zëvendësohet me presje dhe shtohen fjalët: "si dhe lokali dhe pajisja e institucionit shtetëror publik - Qendra Klinike Stomatologjike Universitare Shkup, ku kryhet veprimtaria laboratorike dentare teknike, përveç lokalit dhe pajisjes ku kryhet veprimtaria laboratorike dentare teknike, në funksion të kryerjes së veprimtarisë arsimore".

Neni 3

Punonjësit shëndetësorë me arsim të lartë që i kanë regjistruar studimet nga sfera e mjekësisë, përkatësisht stomatologjisë deri në ditën e hyrjes në fuqi të Ligjit për ndryshimin dhe plotësimin e Ligjit për mbrojtje shëndetësore ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" numër 10/2004) dhe provimin profesional do ta japin më së voni deri më 30 qershor 2012, do të konsiderohet se kanë licencë për punë, ndërsa afati i vlefshmërisë së licencës për punë fillon të rrjedhë nga dita e dhënies së provimit profesional.

Punonjësit shëndetësorë nga paragrafi 1 i këtij neni detyrohen që të paraqesin kërkesë për përtëritjen e licencës për punë, gjashtë muaj para kalimit të afatit të vlefshmërisë së licencës te dhoma përkatëse.

Punonjësit shëndetësorë me arsim të lartë të cilët licencën e punës e kanë marrë me ditën e hyrjes në fuqi të Ligjit për ndryshimin dhe plotësimin e Ligjit për mbrojtje shëndetësore ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" numër 10/2004), licencën e punës do ta përtërijnë më së voni deri më 31 mars 2012.

Neni 4

Ky ligj hyn në fuqi në ditën e tetë nga dita e botimit në "Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë".

---

## ПРЕТСЕДАТЕЛ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**1132.**

Врз основа на член 84, алинеја втора од Уставот на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 52/91), донесувам

### У К А З
### ЗА ОТПОВИКУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТА ВОНРЕДЕН И ОПОЛНОМОШТЕН АМБАСАДОР НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И ПОСТОЈАН ПРЕТСТАВНИК ВО ОРГАНИЗАЦИЈАТА НА ОБЕДИНЕТИТЕ НАЦИИ

I

Г. Слободан Ташовски се отповикува од должноста вонреден и ополномоштен амбасадор на Република Македонија и постојан претставник во Организацијата на Обединетите нации, со седиште во Њујорк.

II

Министерот за надворешни работи ќе го изврши овој указ.

III

Овој указ влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Указ број 90
4 април 2011 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов**, с.р.

**1133.**

Врз основа на член 84, алинеја втора од Уставот на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 52/91), донесувам

### У К А З
### ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА ДОЛЖНОСТА ВОНРЕДЕН И ОПОЛНОМОШТЕН АМБАСАДОР НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И ПОСТОЈАН ПРЕТСТАВНИК ВО ОРГАНИЗАЦИЈАТА НА ОБЕДИНЕТИТЕ НАЦИИ

I

Г. Пајо Авировиќ се поставува на должноста вонреден и ополномоштен амбасадор на Република Македонија и постојан претставник во Организацијата на Обединетите нации, со седиште во Њујорк.

II

Министерот за надворешни работи ќе го изврши овој указ.

III

Овој указ влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Указ број 91
4 април 2011 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов**, с.р.

---

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**1134.**

Врз основа на член 32 став 1 од Законот за безбедност на производите („Службен весник на Република Македонија“ бр. 33/2006, 63/2007 и 24/2011), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 29.3.2011 година, донесе

### У Р Е Д Б А
### ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА УРЕДБАТА ЗА ПОСТАПКАТА ЗА ИЗВЕСТУВАЊЕ НА ЕВРОПСКАТА КОМИСИЈА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ТЕХНИЧКИ И НЕХАРМОНИЗИРАНИ ПРОПИСИ, ТЕХНИЧКИ СПЕЦИФИКАЦИИ И СТАНДАРДИ

Член 1

Во Уредбата за постапката за известување на Европската комисија за донесување на технички и нехармононизирани прописи, технички спецификации и стандарди („Службен весник на Република Македонија“ бр. 107/2007), во членот 26 по зборот „освен“ се додаваат зборовите: „за одредбите од член 25 на оваа уредба и“.

Член 2

Оваа уредба влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 51-1739/1
29 март 2011 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
д-р **Васко Наумовски**, с.р.